**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Решение за избор на директор на ЈКП Водовод од н. Илиден со Арх. Број 04- 2591/ 1 од 15.01.2009 година.**

**Се прогласува Решението за избор на директор на ЈКП Водовод од н. Илиден со Арх. Број 04- 2591/ 1 од 13.01.2009 година што Градоначалникот на Општина Илинден го донесе на ден 13.01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-73/1**
**Од 15.01. 2009 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 150 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 23 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на Р.М. бр. 38/96, 40/03, 49/06, 22/07) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на ЈКП Водовод од н. Илинден**

**член 1**

За Директор на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ од н. Илинден се избира лицето Тони Здравковски Дипл. Правник

Именуваниот функцијата Директор ќе ја извршува започнувајќи од 13.01.2009 година.

**член 2**

Директорот на ЈКП Водовод го претставува и застапува претпријатието и раководи со работата на претпријатието.

За својата работа одговара пред Градоначалникот на Општината.

**член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх.Број. 04- 2591/1**
**Од 13.01.2009 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за престанок на мандат на членот на Совет Тони Здравковски со Арх. Број 07-111/2 од 28.01.2009 година.**

**Се прогласува Одлуката за престанок на мандат на членот на Совет Тони Здравковски со Арх. Број 07-111/2 од 28. 01. 2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 28.01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-162/1**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 46 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на Р.М бр.5/02) Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 28.01.2009 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за престанок на мандат на член на Совет**

**член 1**

Се констатира престанување на мандатот на лицето Тони Здравковски Член на Советот на Општина Илинден, избран на локални избори одржани во 2005 година.

**Член 2**

На Членот на Советот му престанува мандатот поради избор за Директор на јавно комунално претпријатие IВодоводв н. Илинден.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Илинден.

**Архив. Број 07-111/2**
**Од 28.01.2009 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за верификација на мандат на членот на Совет Стојанчо Јанески со Арх. Број 07-111/3 од 28.01.2009 година.**

**Се прогласува Одлуката за верификација на мандат на членот на Совет Стојанчо Јанески со Арх. Број 07-111/3 од 28.01.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 28. 01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-162/2**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 7 став 1 од Деловникот на Советот на општина Илинден (Сл. Гласник на Општина Илинден бр.5/97) Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.01.2009 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандат на Член на Совет**

1. Се верифицира мандатот на Членот на Совет на Општина Илинден Стојанчо Јанески.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Илинден.

**Архив. Број 07-111/3**
**Од 28.01.2009 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за усвојување на Квартален Ивештај за (IV) четврт квартал од 2008 година со Арх. Број 07-111/4 од 28.01.2009 година.**

**Се прогласува Одлуката за усвојување на Квартален Ивештај за (IV) четврт квартал од 2008 година со Арх. Број 07-111/4 од 28.01.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 28.01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-162/3**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. Весник на на Р.М. бр.61/04) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 05/02) Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 28.01.2009 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Квартален Извештај**
**за извршување на Буџетот за Општина Илинден**
**за IV(четврти) квартал од 2008 година**

**член 1**

Се усвојува Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот за Општина Илинден за IV(четврти) квартал од 2008 доставен до Совет на Општина Илинден.

**член 2**

Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот за Општина Илинден за IV(четврти) квартал од 2008 година е составен дел на оваа Одлука.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Архив. Број 07-111/4**
**Од 28.01.2009 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-111/5 од 28.01.2009 година.**

**Се прогласува Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-111/5 од 28.01.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 28.01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-162/5**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 точка 8 од Статут на општина Илинден(Службен гласник на општина Илинден бр.2/2005), член 46 од Закон за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.82/2008), Советот на општина Илинден на седницата одржана на 28.01. 2009 година донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2009 ГОДИНА

**Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Илинден за 2009 година содржи:**

- **I.** Просторот кој е предмет на уредување;
- **II.** Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- **III.** Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
- **IV.** Изворите за финансирање на Програмата;
- **V.** Пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште;
- **VI.** Висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба;
- **VII.** Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
- **VIII.** Динамика на извршување на Програмата
- **IX.** Објекти на инфраструктурата од јавен интерес за Република Македонија и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата, согласно со закон, што ги финансира Република Македонија, односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила Република Македонија.

## I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на просторот на Општина Илинден, опфатен со Урбанистички планови за село, Урбанистички планови вон населено место и Урбанистички проекти.

## II. ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

**1. Вршење подготвителни работи**

-оформување на геодетска документација

**2. Расчистување на градежно земјиште**

- решавање на имотно правните односи (денационализација,експропријација и слично)
- уривање на градежни и други објекти на градежната парцела
- транспорт на материјалот од местото на уривање до депонија.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНА И СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА

Градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежно земјиште и начинот на пресметување на трошоци за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Службен весник на РМ бр. 80/01 и 85/01), со инфраструктура од значење за општината утврдена со Урбанистички планови за село, Урбанистички планови вон населено место на подрачјето на Општина Илинден и Урбанистички проекти.

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела. Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела. Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

**III-1 Основен степен на уреденост претставува опременост со :** изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, изградба на електрична мрежа, изградба на водоводна мрежа и изградба на фекална канализација.

**III-2 Дополнителна опременост на земјиштето претставува:** изградба на ПТТ мрежа, изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.), изградба на атмосферска канализација и изградба на јавно осветлување.

**III-3 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:**

а) **Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка** во кои спаѓаат: основни општински сообраќајници (примарни и секундарни), непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти, магистрални и примарни водови за одвод на фекална вода заедно со пратечки објекти (пречистителни станици и друго), јавни плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини), изградба на јавно осветлување и изградба на јавно зеленило.

б) **Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална комунална потрошувачка** во кои спаѓаат: изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта, изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта, изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради, изградба на секундарни ТТ-мрежи до приклучен орман;

**Бидејќи уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на Општина Илинден не го опфаќа целосно обемот на опремување, односно земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен се утврдува понизок степен на уреденост.**

**Опремувањето на градежното земјиште утврдено со оваа Програма ќе се врши само со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка, како понизок степен на уреденост од основниот.**

Уредувањето на градежното земјиште, ќе се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства.

**III-4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела**

Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето( инвеститор).

Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од "Електростопанство - ЕВН"

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

## IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2009 година, се финансира од извори утврдени со Буџетот на општина Илинден за 2009 година и тоа :

**1. Даноци на имот**

- Данок на имот
- Данок на промет на недвижности
- Данок на наследство и подарок

**2.Комунални даноци**

- Комунална такса за истакнување на фирма, реклама и слично
- Надоместок за уредување на градежно земјиште

Уредувањето на градежното земјиште како што е изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици, одржување и изградба на јавно осветлување и изработка на техничка документација и урбанистички планови ќе се опфати преку донесување на поединечни Програми од страна на совет на Општина Илинден.

## V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат:

- Геодетско снимање, геодетски елаборати, ажурирање на геодетски подлоги;
- Изготвување на елаборати за расчистување на имотно правните односи/експропријација;
- Изработка на урбанистички планови
- Изработка на техничка документација и ревизија за изградба на улици, тротоари, водоводна, фекална и атмосферска мрежа и друга комунална инфраструктура;
- Изградба на нови улици и доизградба на постојните;
- Изградба на тротоари
- Изградба на улично осветлување

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

Висината на надоместокот во услови кога не се реализирани објектите на комуналната инфраструктура согласно степенот на планираната уреденост се определува според Одлука за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште изразена во денари/м2 нето изградена површина, а врз основа на новата корисна површина согласно Основниот проект, помножена со коефициенти наведени во Правилник за степен на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште (Службен весник на РМ бр.80/2001) и Правилник за одредување на коефициент на нето изградена површина усвоена од Совет на општина Илинден за 2008 година.
Висината на надоместокот зависи од видот на објектот и е утврдена со Одлука за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден бр.07-2611/5 од 26.12.2008 година.
Доколку дојде до изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште според степенот на уреденост, како и до изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, надоместокот ќе се пресметува согласно важечкиот Правилник и утврдената висина на надоместокот.

Одобрение за градење на објект се издава врз основа на склучен договор за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште. При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува. Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни. Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (административно - деловен, производен и објекти од јавен карактер), во станбен простор не се наплатува.

За објекти кои се отпочнати со градба и во текот на градбата не се постапува согласно издаденото одобрение за градење (во тој случај проектната документација и одобрението за градење е ништавно), а во меѓувреме настанало измена на локациските услови по избор на инвеститорот или заради измена или донесување на нов урбанистички план, надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува во целост согласно новата техничка документација, важечките урбанистички планови и позитивни законски прописи.

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Средствата кои ќе се распределат за уредување на градежното земјиште се следните:

| | |
|---|---|
| - Рушење на бесправно изградени објекти | 350.000,00 ден. |
| - Изградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица | 36.000.000,00 ден. |
| - Изградба / поставување на урбана опрема (партерно уредување пред јавни објекти, поставување на павер елементи, клупи, канделабри, хортикултурно уредување и друго | 3.500.000,00 ден. |
| - Уредување на градежно земјиште (изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици, одржување и изградба на јавно осветлување и изработка на техничка документација и урбанистички планови | 4.000.000,00 ден. |
| **ВКУПНО:** | **43.850.000,00 ден** |

## VIII. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства.

**IX. ОБЈЕКТИ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата, согласно со закон, што ги финансира Република Македонија, односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила Република Македонија.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Илинден.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во”Службен гласник на општина Илинден”.

**Архив. Број 07-111/5**
**Од 28.01.2009 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Програма за изградба, одржување, заштита на општински патишта и улици на подрчјето на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-111/6 од 28.01.2009 година.**

**Се прогласува Програма за изградба, одржување, заштита на општински патишта и улици на подрчјето на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-111/6 од 28.01.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 28.01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-162/6**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 член 36 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 точка 12 од Статут на општина Илинден (Службен гласник на општина Илинден бр. 2/2005) и член 14 став 8 од Закон за јавни патишта (“Сл. весник на РМ”, број 84/2008) Советот на општина Илинден на седницата одржана на 28.01.2009 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година**

**член 1**

Со оваа Програма се утврдуваат средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година, како и нивната распределба.

**член 2**

Изворите на средствата за финансирање на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година се :

- Буџет на Општина Илинден
- Буџет на Република Македонија
- Агенција за државни патишта

**член 3**

Распределбата на средствата за изградба , реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици ќе се врши на следниот начин:

| | |
|---|---|
| - Изработка на проекти | 1.000.000,00 ден. |
| - Изградба на општински патишта и улици | 10.000.000,00 ден. |
| - Реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици | 30.000.000,00 ден. |
| - Изградба и одржување на вертикална и хоризонтална сигнализација | 2.350.000,00 ден. |
| - Изградба и одржување на мостови | 2.500.000,00 ден. |
| - Зимско одржување на општински патишта и улици | 1.200.000,00 ден. |
| **ВКУПНО :** | **47.050.000,00 ден.** |

**член 4**

Оперативни задачи кои ќе се извршат при спроведување на програмата се :

1. **Изработка на проекти на општински патишта и улици** ќе се врши согласно важечките Урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден и тоа :

- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино - Локалитет Ограѓа (Одлука бр.07-1087/3 од 19.05.2008 година).
- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино - Локалитет Спортски центар (Одлука бр.07-1356/3 од 27.07.2007 година).

2. **Приоритетни локални патишта за изградба :**

- Изградба на локален пат општина Илинден – Хиподром во должина 1,4 км, согласно проект со технички број 230/2006 (довршување на проектот)
- Изградба на локален пат Ајватовци-Мршевци во должина од 3,2 км, согласно проект со технички број 08/2005.
- Изградба на локален пат н.м.Илинден-Пуста Кула во должина од 1,0 км, согласно технички број 1303/2006.
- Изградба на новопроектирана улица со должина од 210м и паркинг со површина од 900м2 во н.м.Илинден (до Спортската сала), согласно проект со технички број 46/07 (довршување на проектот).
- Изградба на новопроектирани улици согласно Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино - Локалитет Ограѓа (Одлука бр.07-1087/3 од 19.05.2008 година) и Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино - Локалитет Спортски центар (Одлука бр.07-1356/3 од 27.07.2007 година).

Изградба на тротоари, пешачки патеки и паркинзи ќе се врши во зависност од приоритетните барања на населените места во општина Илинден.

3. **Реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици:**

- Реконструкцијата и одржувањето на општински патишта и улици ќе се врши низ сите дванаесет населени места во општина Илинден на следните правци :

| ПАТЕН ПРАВЕЦ | ДОЛЖИНА (км) |
|---|---|
| – Пуста кула-ул.1 (Илинден) | 3,3 |
| – Ул.8 (Илинден) | 2,6 |
| – Ул.9 (Илинден) | 2,4 |
| – Ул.34 (Илинден) | 1,4 |
| – Ул.500 (Марино) | 1,7 |
| – Ул.531 (Марино) | 2,0 |
| – Марино -Кадино- Мралино | 3,5 |
| – Кадино-Автопат Е-75 | 2,7 |
| – Кадино-Бунарџик-Ајватовци | 4,4 |
| – Марино-Миладиновци | 6,5 |
| – Миладиновци-Бујковци | 2,0 |
| – Бујковци-Мршевци | 1,5 |
| – Мршевци-Бучинци | 1,0 |
| – Миладиновци-Текија-Дељадровци | 4,1 |
| – Мралино-Петровец | 2,0 |
| – Улици оштетени при изградба на фекална канализација | |
| **ВКУПНО** | **41,1** |

Реконструкцијата и одржувањето на општинските патишта и улици ќе опфати тампонирање на постојни пробиени земјани патишта, крпење на ударни дупки, гребење и преслекување со асфалт, санирање на поголеми оштетени патни појаси со комплетна реконструкција, санирање и уредување на банкини, поставување на рабници.

**4. Изградба и одржување на вертикална и хоризонтална сигнализација** ќе се врши во согласност со Сообраќајните проекти за измена на условите и режимот на сообраќајот на улиците во општина Илинден и приоритетите на населените места во општината.

**5. Изградба и одржувањето на мостови :**

- изградба на мост во н.м.Миладиновци
- одржување на мостови на општинските патишта и улици на подрачјето на општина Илинден, на приоритетни локации за санација со кое ќе се опфатат помали санации, замена и реконструкција на огради и слично.

**6. Зимското одржување** ќе се врши на главните патни правци на општинските патишта и улици, на патните правци по кои сообраќа јавниот сообраќаен превоз на подрачјето на општина Илинден, како и пред јавните објекти.

**член 5**

За реализација на Програмата се задолжени : Градоначалникот, Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и Комисијата за јавни набавки.

**член 6**

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се извршува во зависност од приливот на средствата.

**член 7**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Илинден .

**Архив. Број 07-111/6**
**Од 28.01.2009 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за трансфер на средства на ЈКП „Водовод“ н. Илинден со Арх. Број 07-111/7 од 28.01.2009 година.**

**Се прогласува Одлуката за трансфер на средства на ЈКП „Водовод“ н. Илинден со Арх. Број 07-111/7 од 28.01.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 28.01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-162/7**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М бр. 05/02), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 28.01. 2009 година донесе:

# О Д Л У К А
## за трансфер на средства на ЈКП Водовод, н.Илинден

**Член 1**

Советот на општина Илинден одобрува од Буџетот на општина Илинден - **програма АО, Совет на општина, ставка 46490090, други трансфери**, да се трансферираат финансиски средства на сметка на Јавното комунално претпријатие Водовод, н.Илинден чии основач е општина Илинден.

**Член 2**

Износот на финансиски средства кои ќе се трансферират на сметка на ЈКП Водовод, н.Илинден изнесува **400.000,00 денари.**

**Член 3**

Финансиските средства кои ќе се трансферираат на ЈКП Водовод, н.Илинден ќе се наменат за обртни средства.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на општина Илинден да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 07-111/7**
**Од 28.01.2009 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за давање парична помош за опжарена куќа со Арх. Број 07-111/8 од 28.01.2009 година.**

**Се прогласува Одлуката за давање парична помош за опжарена куќа со Арх. Број 07-111/8 од 28.01.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 28.01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-162/8**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на чл.36 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.05/02) , Советот на општина Илинден на седницата одржана на 28.01.2009 година донесе :

**О Д Л У К А**
**За давање парична помош**
**За опожарена куќа**

**чл.1**

Со оваа Одлука Советот на општина Илинден одобрува од Буџетот на општина Илинден да се издвојат парични средства во износ од 120.000 денари за давање на парична помош на Арсовски Јовица од с.Марино ул.500 бр.112 за реконструкција на опожарена семејна куќа.

**чл.2**

Паричните средства од чл.1 од оваа Одлука , обезбедени се во Буџетот на општина Илинден и тоа во :

**Програма ДОО - Градоначалник**
**Подставка 413 110 Тековна резерва**

**чл.3**

За реализација на оваа Одлука се задолжува Градоначалникот на општина Илинден.

**чл.4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Архив. Број 07-111/8**
**Од 28.01.2009 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за награда на членовите на Советот на општина Илинден со Арх. Број 07-111/11 од 28.01.2009 година.**

**Се прогласува Одлуката за награда на членовите на Советот на општина Илинден со Арх. Број 07-111/11 од 28.01.2009 година. што Советот на Општина Илинден ја донесе на седницата одржана на ден 28.01. 2009 година.**

**Архив. Број 08-162/9**
**Од 29.12. 2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М бр. 05/02), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 28.01.2009 донесе:

# О Д Л У К А

**за награда на членовите на Советот на општина Илинден**

**Член 1**

Да се исплати награда на членовите на Советот на општина Илинден во висина од еден месечен надоместок**, од Буџетот на општина Илинден - Програма – АОО, Совет на општина Илинден, Ставка 401390, Други надоместоци.**

**Член 2**

Наградата на членовите на Советот на општина Илинден да им се исплати заради доприносот на Советот на општина Илинден во изминатиот период од 4 (четири) години во економскиот развој и финансиското зајакнување на општина Илинден.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на општина Илинден да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 07-111/9**
**Од 28.01.2009 год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


1. Решение за прогласување на Решение за избор на директор на ЈКП Водовод од н. Илиден со Арх. Број 04- 2591/ 1 од 15.01.2009 година................................................стр. 1

2. Решение за избор на директор на ЈКП Водовод од н. Илиден со Арх. Број 04- 2591/ 1 од 15.01.2009 година................................................стр. 1

3. Решение за прогласување на Одлука за престанок на мандат на членот на Совет Тони Здравковски со Арх. Број 07-111/2 од 28.01.2009 година. .......................................стр. 2

4. Одлука за престанок на мандат на членот на Совет Тони Здравковски со Арх. Број 07-111/2 од 28.01.2009 година. .......................................стр. 2

5. Решение за прогласување на Одлука за верификација на мандат на членот на Совет Стојанчо Јанески со Арх. Број 07-111/3 од 28.01.2009 година...........................................стр.3

6. Одлука за верификација на мандат на членот на Совет Стојанчо Јанески со Арх. Број 07-111/3 од 28.01.2009 година.......................................................................стр.3

7. Решение за прогласување на Одлука за усвојување на Квартален Ивештај за (IV) четврт квартал од 2008 година со Арх. Број 07-111/4 од 28.01.2009 година.................................стр.4

8. Одлука за усвојување на Квартален Ивештај за (IV) четврт квартал од 2008 година со Арх. Број 07-111/4 од 28.01.2009 година.......................................................................стр.4

9. Решение за прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-111/5 од 28.01.2009 година.......................................................................стр.5

10. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-111/5 од 28.01.2009 година...........................................................стр.5

10. Решение за прогласување на Програма за изградба, одржување, заштита на општински патишта и улици на подрчјето на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-111/6 од 28.01.2009 година..........................................................................................стр.10

11. Програма за изградба, одржување, заштита на општински патишта и улици на подрчјето на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-111/6 од 28.01.2009 година...............стр.10

12. Решение за прогласување на Одлука за давање парична помош за опжарена куќа со Арх. Број 07-111/8 од 28.01.2009 година.........................................................................стр.14

13. Одлука за давање парична помош за опжарена куќа со Арх. Број 07-111/8 од 28.01.2009 година.....................................................................стр.14

14. Решение за прогласување на Одлука за награда на члeновите на Советот на општина Илинден со Арх. Број 07-111/11 од 28.01.2009 година...................................................стр.15

15. Одлука за награда на члeновите на Советот на општина Илинден со Арх. Број 07-111/11 од 28.01.2009 година.....................................................................стр.15